СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од четвртото продолжение на Седумдесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 10 јули 1997 година

Скопје, јули 1997 година

**IV ПРОДОЛЖЕНИЕ ОД 71 ( СЕДУМДЕСЕТ И ПРВАТА ) СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛКК А МАКЕДОНИЈА,ОДРЖАНА НА 10 ЈУЛИ 1997 ГОДИНА**

Дневен ред:-стр.1

- Продолжување со расправата по Предл. на Закон за заштита на растен.од бол. и штетн.

Т.24.- стр.2- Информација на Владата за откупот на пченицата.

1. АРСОВСКИ БРАНКО - 22
2. ДОКУЗОВСКИ КИРО – 28
3. КАРОВ ИЛИЈА - 19
4. НАЈДОВСКИ СЛОБОДАН – 9, 33, 35
5. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 1..( води седница )
6. ПСПОВСКИ Г. НИКОЛА - 18
7. ТАНТАРОВ ВЕЉО - 2
8. ТАЛИМЏИОСКИ ПЕТАР - 25, 27
9. ФИЛИПОВСКИ БЛАЖЕ - 35 ( води сед,)
10. ЏАМБАЗОВСКИ САНДЕ - 15, 17

- СЕДНИЦАТА ПРОДОЛЖУВА -

**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од четвртото продолжение на Седумдесет и**
**првата седница на Собранието на Република**
**Македонија одржана на 10 јули 1997 година**

Седницата се одржа во просториите на Собранието, сала 1 со почеток во 12,25 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше, Тито Петковски претседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа по преостанатите две точки од Седумдесет и првата седница.

Бидејќи го заклучив претресот по Предлогот за донесуваше на закон за заштита на растенијата од болести, штетници и плевели на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок.

Собранието на Република Македонија го усвојува предлогот за донесување на закон за заштита на растенијата од болести, штетници и плевели.

Второ,( Владата на РМ ќе изготви и на Собранието ќе му достави предлог на закон, при што ќе ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела, забелешките на пратеникот Илија- Каров и укажувањата од расправата на седницата на Собранието на РМ.

Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела, забелешките на пратеникот Илија Каров, како и укажувањата од расправата на седницата на Собранието да се достават до Владата на РМ и до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Кој е за предложениот заклучок молам да крене рака?

69 пратеници гласаа за.

Дали некој има против? ( никој)

Дали има некој воздржан? (не)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на точка дваесет и четири.

Информација за активностите на Владата околу откупот и исплатата на пченицата.

Информацијата на Владата за откупот на пченицата од родот 1997 година, ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави г-дин Вељо Тантаров.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитуван претседателе на Собранието на РМ, почитувани пратеници и почитувани министри.

Најпрво, пред да дадам некое свое мислење околу информацијата што ја достави Владата во врска со откупот на пченицата, користам прилика на сите земјоделци да им го честитам празникот Петров ден.

Собирањето на родот од пченицата , откупот и нејзината исплата спаѓаат во редот на најзначајните и најодговорни операции од производството од оваа житна култура. Во земјите каде што аграрот се гледа како дирек околу кој се врти развојот на националната економија, каде занимањето земјоделец се наоѓа на високо место во листата на занимања, затоа што тој произведува храна,односно тој е еден од оние основни услови за живот на човекот, храна воздух и вода Жетвата на пченицата има третман на акција на целата нација, односно кога се жнее

се е свртено кон оваа операција. Се знае зошто. Суровината за лебот еднаш се сее и еднаш се бере во годината. Лебот е поважен од се. Меѓутоа, за жал кај нас и во стариот систем и сега не е така. Кај нас после земјоделците можеме слободно да речеме дека на никого око не му трепнува за тоа, како се жнее, кога ќе се ожнее, дали има комбајни и гориво за нив, кој ќе ја купи пченицата и кога ќе ја исплати. Ние се однесуваме како да имаме којзнае колку пченица, а според информацијата што ни е доставена немаме пченица ни да поминеме со неа ни половина година. Станува збор за пченица од домашно производство.

Господо пратеници и министри, земјоделците не бараат некој да им е ожнее пчениците и да им е однесе во амбарите. Тие бараат само едно, пред почетокот на жетвата да знаат кој ќе ја купи пченицата, по која цена ќе ја плати и кога ќе ја плати. По еден, по два, по три месеци, или по една година.

а прашањето зошто на овие т.н. мали прашалчиња не се даваат одговори пред самата жетва, туку се чека дури да се стегне во екот на жетвата, меѓу земјоделците што денес жнеат постои само еден одговор. Тоа е тактика на мелничарите и на трговците со жито, со која селаните треба да се стегнат меѓу чеканот и наковалната за да можат да ги уценат и да им ја земат пченицата пошто - зошто, само не по цени што за пченицата ги пропишала државата. Затоа работите на овој план така се влечат години со ред. Затоа, во екот на жетвата се нудат решенија за откупот на пченицата. Тогаш земјоделците притиснати од времето пченицата да се собере навреме брзо и квалитетно, за што како што велат старите земјоделци тоа што носи часот, не носи ни денот, мораат да играат по она како што им свират и мелничарите и трговците со жито.

Во додинашнава жетва според информацијата од Владата на РМ се очекува од постојната жетвена површина, што се простира на околу 120 илјади хектари со пченица, да се соберат околу 289 илјади тони пченица. Од нив 100 илјади тони се планира да се добијат од државните комбинати и задруги и 180 илјади тони од приватните земјоделци. Од вкупните 280 илјади тони пченица очекувано производство, дај боже да биде така, на откупните станици и во мелничката индустрија, се очекува како пазарен вишок, да се донесе околу 150 илјади тони.

Прашувам, како и кога ќе се откупат овие количини на пченица и повторно кога тие ќе се платат. Жетвата е во ек, а овие прашања како што реков и пред малку, нагласувам посебно за селаните, сеуште не се решени.

Прво, пченицата, иако има своја заштитна цена од страна на државата и таа изнесува 10 денари и оваа цена вака е скоро четири години, а колку е таа рентабилна, тоа е друго прашање, денес заради немање на слух од откупните организации, сеуште не се знае како ќе се купи, односно се откупува онака како што сакаат мелничарите и трговците. Се разбира, ни по 10 денари, туку по осум и девет денари.

Беспарицата на селаните ги тера да ја продаваат и уште по пониски цени. Второ, иако пченицата има заштитна цена за нејзиниот откуп летово се поставени разни ултиматуми од откупувачите. За да се земат 10 денари, се бара шест дена .да се платат во пари, а за другите четири денари, мора да се земе брашно, трици, леб, фрижидери, шпорети и кои не други стоки што ги нудат трговците.

Господо пратеници и министри, и денес ќе повторам на селаните им требаат пари, а не разни стоки. Со трговија со брашно, трици не се плаќаат давачките на државата. Придонесите за пензии и здравство и земјоделските даноци, не се плаќаат со трици. На шалтерите каде што треба да се дадат овие давачки, треба да се донесат пари а не вреќи со трици и брашно.

I/5

Инаку, господ ги дал земјоделците само да работат, а не бидат и трговци. Трето , со исплатата на пченицата и натаму се водат старите игри. Се водат рокови на исплата од кои умот на човек да му зајде. Да се чека половина година, три месеци, осум месеци кој како сака така си прави свои подзакончиња за исплата на оваа култура. На нив сигурно им одговараат едни такви рокови, меѓутоа, на земјоделците не, бидејќи веднаш треба да почнат со организирање на новата сеидба на новата култура.

Господа, до кога ќе се водат вакви игри со селаните. Во Информацијата за откупот на пченицата меѓу другото се вели дека за да имаме доволно леб до новата жетва треба да се увезат уште 150 илјади тони пченица. Дали пченицата од увоз се плаќа со вакви рокови или доларите се бројат на рака, како што вели една стара поговорка "пара на рака, Мара за рака". Дали нашиве увозници на пченица на Србија, Франција или сега во најново време дури од Аргентина за секое увезено кило пченица на земјоделците од тие земја им даваат сосила и трици и брашно. Мислам дека на овие игри треба да им се стави крај. Во спротивно од година во година домашната пченица се помалку ќе ја имаме низ домашниве организации. Ако пченицата има заштитна цена, тогаш откупот, откупната цена и исплатата мора да бидат заштитени од државата. Нема потреба од заштитна цена ако таа цена и исплата не се почитуваат. Пченицата на селаните и комбинатите мора да им се плати веднаш, а не по месец или цела година. Веднаш и исто како што се плаќа пченицата што се носи од увоз.

Господо, земјоделците при сеидбата на пченицата се плаќаат во готово, семе, гориво, ѓубриво, хемиски средства. На нив никој не им дава кредит ни вересија, па ни авансирање на тие материјали. Кога е така, тогаш зошто се стегаат земјоделците нивното жито сега да им се земе на вересија.

Инаку, според еден, за мене, загрижувачки податок што е објавен во оваа Информација во кој се вели дека резервите на пченица во нашава држава моментално изнесуваат 35 иљади тони и се доволни да се прехраниме со домашно жито само уште еден месец, не само што за ваквите состојби со откупот и исплатата на пченицата не треба да има место на разни коментари, односно пченицата да се откупи без воведување на присилна размена со разни стоки и да се плати веднаш, треба да се пеземат соодветни мерки за откупот на сето производство на пченица.

Годинашниве жетвени прогнози велат дека летово селаните ќе произведат 180 иљади пченица и од неа на мелничарите и на трговците ќе им понудат како пазарен вишок само 50 иљади тони пченица. Зошто само 1/3 од вкупното производство се нуди за продажба. Каде ќе одат другите 130 иљади тони пченица. Ќе останат во амбарите за исхрана на добитокот или пак за исхрана на семејствата на селаните- Што ќе биде со оваа пченица? Велиме дека за да имаме леб до новата жетва 1998 година, годинава ќе треба да увеземе над 100 иљади тони пченица, за која треба да се платат тешки милиони долари. Зошто на- место толку долари не се направи една домаќинска политика со денари да се купи суровината од нашиве селани. Зошто да ја купуваме пченицата од селаните од другите држави , а македонската■пченица да оди во јаслите за добитокот. Тврдам дека ако им се понудат два услови на македонските селани, грото од нивното производство летово ќе оди во силосиоте на мелничката индустрија или пак откупните станици ан трговците.

Прво, пченицата да се плати веднаш.

Второ, да се зголеми нејзината откупна цена уште за три денари. Само вака можеме да дојдеме до домашен леб од домашните ораници.

Господо пратеници, министри, од памтивек селаните се сметаат за прости луѓе. Кога некој сака да се навреди, се нарекува дека е селанец. Ако, нека му служи на чест, а тие се служат со вакви речници. Господо, селаните не се такви какво што некои сакаат да ги прикажат. Селаните се паметни, пред се чесни луѓе. Велам чесни, затоа што дали има нешто почесно од производството на храна за секоја трпеза. А тие произведуваат само храна и ништо друго.

Неодамна преку делот за млеко за Македонија од едно охридско село рече на човекот му требаат три услови за живот, вода, воздух и храна. Тоа е голема вистина. Јас би рекол вода, воздух и земјоделци.

Да се вратам на селаните и на пченицата односно на прашањето зошто од нивните 180 илјади тони пченица за продажба се нудат само 50 илјади тони. Еве зошто. Затоа што не можат да ги поднесат уцените со откупот и исплатата на пченицата. Затоа што нејзината цена е ниска, а беше добра само во 1995 година кога се донесе оваа цена. И не можат да си дозволат 1 кгр. трици за добитокот да го плаќаат со кило пченица. Пролетва триците беа многу поскапи од пченицата. Ете затоа, немаше леб од домашните ораници. Ние ќе го имаме тогаш домашниот леб кога ќе создадеме услови за надминување на сегашниве состојби со пченицата, од која како ќар на селаните сега за сега им останува само сламата. Ама баш сламата, и друго ништо. Значи цената на пченицата мора да се коригира. Потоа, исплатата да се изврши веднаш, исто како што се плаќа цената на пченицата што се увезува.

Натаму да се укинат сите уцени за размена на пченица со трици, брашно, фрижидери и какви не други стоки.

Земјоделците како што реков, господ ги создал да работат, да ораат и да сеат, а не да бркаат сега трговија со нивната пченица однос да земат брашно, трици, фрижидери и каква не друга стока и да ја продаваат на пазарот.

Натаму, дирекцијата за стокови резерви најави дека ќе ги купи сите пазарни вишоци на пченица од приватните земјоделци. Јас прашувам кога, како и кој ќе ја откупува таа пченица за потребите на оваа дирекција и кога ќе ја плати, се разбира ако е откупи.

Мелничарите велат дека немаат пари да ја платат пченицата, така велат до денес. Ако е така , тогаш зошто во Информацијата на нив им се препорачува да земат кредит од одделните банки, за да ја откупат целата пченица. Зошто парите од буџетот што треба да им се даде на дирекцијата да ги откупи овие 35 илјади тони од приватните земјоделци не им се дадат без камати на мелничарите да ја купат цела пченица од приватниот сектор и веднаш да ја платат.

Ќе завршам со уште еден повик до сите субјекти во откупот и исплатата на пченицата. Летово пченицата мора брзо да се плати, веднаш и без никакви рокови. Без пари ќе нема нова сеидба, нова култура. И што е најзначајно да не се дозволи увоз на пченица, додека не се плати домашната пченица.

Нешто и за вчерашната девалвација на денарот. Имено, со девалвацијата на денарот цената на пченицата од 10 денари сега ќе падне на 8 денари и 4 0 дени.

Господо министри, господо пратеници, вака не може. Сега ако цената е заштитна мора со нова одлука да се заштити. Господине Даневски,. ќе ве. молам треба да молчите. Таа цена да не биде помала од 12 денари.

Инаку, по девалвацијата и сламата, како што реков пред малку, што остануваше ќар, ќе биде зијан за селаните.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Најдовски.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, почитувани претставници на Владата.

Уште во првата дискусија беше кажано дека за еден ваков проблем можеби расправаме не во право време, затоа што и оние што се најзаинтересирани во овој момент за оваа проблематика се наоѓаат на нивната и го собираат житото, па така тешко ќе можат да ги слушнат проблемите и расправата во врска со нивните проблеми. Ако се каже дека е тоа тактика на некој, јас мислам дека оваа расправа е тактика, пред се, на Владата на РМ. Тоа ќе го поткрепам со еден факт. Пред месец дена , јас овде побарав информација за подготовките кои се вршат околу откупот на пченицата од оваа жетвена сезона. Морам да кажам дека тогаш ова мое барање беше одбиено и од страна на Владата и кога беше дадено на гласање од парламентарното мнозинство не беше дозволено ова прашање да се разгледува. Но, сепак, оваа точка дојде на ред, а мојата теза дека е тактика на Владата ќе ја поткрепам со следните аргументи.

Имено, земјоделието воопшто како стопанска гранка сите знаат дека државата, ако во некоја стопанска гранка во развиените земји имаа директно влијание, тоа е токму земјоделието. Најважните прашања за разрешување на проблемите со кои се соочуваат земјоделските производители е токму од надлежност на Владата на РМ. Ако добро ги проанализираме сите законски решенија, како што е решена оваа проблематика кај нас, ќе се види дека скоро сите надлежности се во исклучива надлежност на Владата на РМ. Дали преку Министерството

за земјоделие, дали преку Министерството за стопанство и Дирекцијата за стокови резерви или преку Министерството за финансии ќе се види дека директно зависи од начинот на кој тие ќе пристапат во разрешување на овој проблем. Така, сите други аргументи за префрлување на топката на друга страна, ќе бидат залудни.

Од Информацијата што ја добивме од страна на Владата на РМ, можат да се извлечат неколку заклучоци, но сепак најважен заклучок во сето ова е дека Македонија има и природни можности,има работен народ, има механизација за да произведе пченица онолку колку и треба на РМ за нејзините потреби во текот на една година. Тоа е речено и во Информацијата дека при едни просечни приноси и средни приноси можеби намалувачки оваа година, како што стои во Информацијата, би изнесувале од околу 2.350 кгр. по хектар, Македонија може да обезбеди, односно Македонија очекува дека ќе се произведат 280.000 тони пченица, а изнесено во самата Информација дека за потребите на Македонија се потребни точно 280.000 тони пченица, што значи дека проблемот не лежи во можностите за производство на пченица во РМ, туку проблемот лежи во откупната политика на РМ и начинот произведените количини да се употребат токму наменски. за она што е наменета, односно за леб, наместо да се користи за други намени, пред се, за сточна храна. Тоа го потврдува уште еден податок изнесен во Информацијата каде што се вели дека Македонија оваа година очекува откуп на околу 180.000 тони пченица, а околу 100.000 тони ќе обезбеди од увоз.

Затоа сметам дека основниот акцент кој треба не само во оваа расправа, туку која треба да се насочи во РМ е токму откупната политика и политиката која ќе ја води Владата кон пченицата.

Имено, долго време бевме убедувани дека нашата пченица по килограм е многу скапа во однос на светските цени и од тие причини не може да се води адекватна откупна политика. Во четвртокот кога требаше да раслраваме за оваа проблематика по некои канали , што би се рекло, сега современи преку интернет дојдов до податок дека на чикашката берза најниското ниво кое деновиве по тон на пченица е 130$. Но, ако имаме предвид дека ние , со оглед на нашата организираност и настапот кој можеме да го имаме на светските берзи, никогаш не можеме да ја постигнеме оваа цена, туку секогаш ќе постигнеме повисока цена. Една најмала калкулација која и по оваа цена еве да се успее да се добие, а не ќе може да се добие, 130$ по тон по денешната вредност на доларот 55 денари, тоа е 7.150 денари по тон пченица односно, килограм пченица ќе дојде 7,15 денари само да се купи на берзата. Исклучени сите транспортни трошоци и сите пропратни трошоци кои ќе ја следат пченицата до донесувањето во РМ , значи ќе не чини по 7,15 денари. Што значи веднаш пропаѓа тезата дека ние имаме поскапа цена од светската цена на пченицата.

Второ, ако кон оваа цена се додадат сите благодети и компензации и ослободувања кои ги имаат земјоделците во светот ќе се види дека нашата цена навистина е многу поевтина него што е цената на пченицата на светскиот пазар. Сметам дека со таа теза никој повеќе не може да оперира и да не залажува.

Ако се има во предвид она што беше изнесено дека нашата пченица од денес е веќе за 16% поевтина со девалвација на денарот, ако се има во предвид дека минимум 16% производителите и трговците на потребните материјали кои се во земјоделието ќе ја зголемат цената на тие производи, автоматски ќе дојдеме до една груба математика, дека од денеска нашата пченица на земјоделците им е поевтина и за

32%, а не само за 16%. Со една таква цена на пченицата во РМ навистина не ќе може не само да се откупат тие 180.000 тони кои се планираат, туку следната година да очекуваме многу помали количини на пченица. Затоа сметам дека прво и основно што треба да произлезе како заклучок е дека Владата на РМ мора под итно да го промени својот однос кон откупната политика на пченицата во РМ.

Трето прашање кое произлегува од Информацијата кое беше овде напоменато е прашањето што пченицата во РМ со оваа политика која сега се има се откупува и еден дел се плаќа во пари, другиот дел се плаќа во стока, односно со компензација. Дали тоа ќе го вршат откупно мелничарските претпријатија, или тоа ќе го врши Дирекцијата за стокови резерви на РМ, сепак на крајот е истото за земјоделецот наместо да добие пари добива во компензација некоја стока. Што се случува сега. Трговците нормално за таа стока што ќе ја компензираат веднаш си ставаат своја маржа на производите кои ги употребуваат за компензација. Автоматски уште еден аргумент кој доведува директно до намалување на оваа прокламирана цена на Владата на РМ односно заштитна цена од 10 денари. Затоа Владата на РМ мора под итно да донесе одлука да ги исклучи компензационите плаќања при откупот на пченицата во РМ и плаќањето да го врши исклучиво во денари на земјоделците.

Во оваа прилика би сакал да кажам уште неколку моменти. Јас уште во четвртокот предложив неколку заклучоци по однос на Информацијата, тие заклучоци воглавно и група пратеници од СДСМ вчера ги преформулираа, но добро еве имам дофрлување дека има и од други пратенички групи, но морам да кажам дека иако навидум се слични заклучоците со дел од заклучоците, битно се разликуваме.

Имено, еден од моите предлог - заклучоци е да се укаже на потребата Владата на РМ да одреди премија за пченицата во износ од 2 денари по кгр. пченица. Вие знаете со измените на Законот за поттикнување на земјоделското производство кој го донесе овој парламент, за кој и тогаш навистина реков дека е недобар, исклучиво во надлежноста на Владата на РМ е одредувањето на премија за земјоделските производи. Јас сметав дека тогаш кога го предлагав овој заклучок во четвртокот не ни знаев за оваа девалвација која ќе следи дека со тие 2 денари ќе се подобри положбата на земјоделските производители. Со девалвацијата која вчера е извршена и овие 2 денари се веќе соборени, што би се рекло со одлука на Владата на РМ, но сепак барем малку да се закрепне положбата на земјоделците, сметам дека Владата на РМ под итно треба да донесе одлука со која ќе одреди премија од 2 денари по кгр. пченица од овогодишната жетва.

Сакам да кажам во заклучокот кој е предложен од група пратеници се предлага цената на пченицата да биде 12 денари која, ако се гледа од една страна е иста со овој заклучок за премијата, но сепак морам да кажам, според моите согледувања и разбирања дека во овој момент откупната цена, барем јас сметам, не ќе може да биде на 12 денари, затоа што откупот е започнат, договорите со мелничко - пекарската индустрија се направени и тие тешко ќе ја прифатат оваа работа, затоа сметам дека исклучиво решение во овој момент е одредување премија од страна на Владата на РМ и така ќе се достигне таа цена од 12 денари.

Заклучокот кој го предложив односно исплатата на пченицата таа да се изврши најдоцна до 30 август, иако од група пратеници е предложен заклучок исплатата да се врши веднаш, немам ништо против, но, сепак имајќи во предвид кака ќе; се. одвива откупот сметав периодот

до 30 август не е толку далеку за да може да се види ефектот од исплатата, сепак би прифатил и таква солуција која се предлага веднаш да биде исплатена пченицата.

Понатаму сметам дека во Информација е речено околу транспортните трошоци, дури вчера добив информација дека Владата одлучила, не знам колку е точно, 0,36 дени по кгр. за транспортните трошоци, така што овој заклучок веќе се остварува , но сепак сметам дека ќе има еден проблем што од купувачите и ова 0,36 дени за транспортните трошоци можат да го плаќаат со компензација на одредени стоки кои во овој момент не се во интерес на земјоделците.

На крајот сметам дека е навистина потребно по усвојувањето на оваа Информација, по усвојувањето доколку се усвојат, заклучоците, Владата на РМ на првата седница во септември да ни поднесе целосна Информација како се остваруваше откупот на пченицата во РМ. Тогаш ќе можеме точно да знаеме дали Владата ги исполнила своите обврски.

Би завршил со тоа дека на РМ и треба што поскоро тоа подобро, менување на политиката и односот кон земјоделското производство. Во оваа прилика само би рекол РМ под итно и треба формирање на аграрен фонд кој ќе служи исклучиво за подобрување на состојбата на земјоделското производство и подготвен сум за тоа иако не е прилика да дискутирам дека тој аграрен фонд не само што ќе ја подобри положбата на земјоделците во РМ, туку ќе ја подобри положбата на целокупното стопанство во РМ.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Џамбазовски.

II/7.-

**САНДЕ ЏАМБАЗОВСКИ:**

Г-дине претседателе, господа пратеници, г-да министри, Денеска расправаме по Информацијата која е многу значајна за земјоделското производство, односно расправаме по една операција од една култура која е значајна во целокупното земјоделско производство, а тоа е жетвата на пченицата и нејзиниот откуп.

Сигурно дека пченицата е една од најважните земјоделски производи во својата намена, меѓутоа, по својот бруто производ и натурален производ е далеку од тоа дека е најважната земјоделска култура во РМ.

Меѓутоа, со оглед на важната намена за која се произведува пченицата сигурно заслужува далеку поголемо внимание односно го заслужува денешното внимание со кое се расправа на денешната седница на Собранието.

Јас не мислам дека жетвата е најважната операција кај пченицата, бидејќи ако не посееме нема што да жнееме, далеку поважни операции се сите други претходни пред жетвата, отколку жетвата и жетвата е една од најлесните операции, бидејќи пченицата, односно житните култури се единствени производи кои имаат највисок степен  на механизираност на операциите кои се изведуваат за производство на истите.

Меѓутоа, за посебно внимание она што и овде се дискутираше од претходните мои колеги е откупот на пченицата за кој барем минатата година имавме огромни проблеми во однос на плаќањето на пченицата, не во преземањето , туку само во плаќањето, оваа година има некое подобрување во однос на плаќањето одредени мелничарски индустрии веќе ја плаќаат веднаш пченицата, меѓутоа, слушаме дека во Битола е друга состојбата дека што има некое шаренило, мислам дека тука

максимално треба да се направи да може да се плати пченицата затоа што сите земјоделци кои произведуваат пченица и не само пченица не можат со ништо друго да го платат ниту својот труд , ниту материјалните трошоци кои ги трошат за производство на земјоделското производство, а намената на пченицата за производство на леб, лебот се продава исклучиво за пари, тогаш нема проблем веднаш да не се плати пченицата, и таа да се плаќа исклучиво во вредност, а не натурално.

Често се залагаме околу тоа дали е висока или ниска цената на пченицата. Јас сум сигурен дека за која цена да расправаме за било која култура или производ, секогаш сметаме дека цената е ниска и треба да се залагаме за повисока цена на производството. Меѓутоа, за рентабилно производство не е битна само цената на крајниот производ туку за рентабилно производство е далеку побитна и цената на репроматеријалите, односно, цената на импутитите кои учествуваат во крајниот производ.

Јас не сум присталица, морам да ви кажам, на делење на премии, како што беше тоа во поранешните години за одредени производи, меѓутоа, сум присталица за нешто друго. Ние, сакале или не како Собрание, односно Владата, бидејќи тоа е нејзина ингеренција, мора да се' заложи да имаме поевтино производство.

Првата работа, за која сметам дека треба Владата да се заложи зборувам за наредното производство на пченицата е да обезбеди евтино производство на семето за пченица.

**САНДЕ ЏАМБАЗОСКИ:** (продолжение)

Само со сеење на квалитетно семе можеме да добиеме барем за 30% повисоки приноси по единица производ. Кога ќе добиеме повисок приноси по единица производ, тогаш нема да биде во прашање само цената, односно и таа цена ќе биде рентабилна, да може да се избориме како што има во многу други земји да има регресирање на нафта, со поевтина нафта можеме да примениме подобра технологија, односно да ги извршиме сите процеси во технолошкиот процес на производство во пченица. Со тоа ќе добиеме далеку повисоко производство како по единица површина, така и во вкупното производство.

Како заклучок на ова сакам да додадам дека Владата треба да се залага да може да обезбеди далеку поевтини инпути за производство на пченица, се разбира, и за сите други земјоделски производи но денес расправаме за производство на пченица.

Македонија има една специфичност. Имено, има голем дел на обработливи површини кои не можат да се сеат со ниеден друг производ освен со житни култури. Главно, тоа е пченица, јачмен, рж и овес. Р'жот и овесот се многу малку застапени кај нас, останува само пченица и јачмен. Меѓутоа, и со сеидбата на јачменот и пченицата на овие наши површини не може да се оствари рентабилно производство, не можат да се покријат трошоците, бидејќи се добиваат многу мали приноси на овие површини. Владата, односно Републиката мора да има став по ова прашање, бидејќи сега веќе се приватизираат комбинатите и постои опасност сите тие површини да останат неискористени односно да бидат напуштени да не се сеат ниту со јачмен, ниту со пченица, токму поради тој проблем што не можат со добивањето на тоа производство да ги

покријат своите трошоци. Во наредниот период Владата сигурно ќе треба да размисли што со овие површини. Овие површини не може да се користат за ништо друго, ниту за патишта бидејќи се такви што поради високите температури на нив не може да има доволно требна маса за напасување на стоката, така што останува едиствено да се сее. Дали не може тука да се направи ништо да се стимулира и овие површини да не останат непосеани, односно за да може да се покријат барем трошоците во цената на чинење на производот.

Има многу повеќе такви прашања за кои треба да се размислува за остварување на поголемо производство на земјоделски производи во моментот и пченицата. Сигурно дека не може на една седница сите тие да се кажат, но треба да се имаат поглавните предвид.

Многу ме зачудува фактот што имаме голема разлика меѓу оствареното производство и откупеното производство, тоа се гледа и од Информацијата. Јас знам еден дел од производот кој се остварува, односно кој се добива оди за семенски материјал, производителите го користат за сточна храна итн., меѓутоа, се јавува разлика цирка 100 тони од произведеното и откупеното. Не сум сигурен дали имаме добар систем на пресметување на правилник и точни податоци во однос на добивањето на производството -на пченицата во РМ, посебно од индивидуалниот сектор. За сега сметам дека не се докрај точни тие податоци, бидејќи немаме развиено добар систем како да ги добиеме податоците колкава количина сме добивале кај индивидуалните земјоделци.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Поповски.

**НИКОЛА Г. ПОПОВСКИ:**

Всушност јас повеќе имам едно прашање до г-динот министер Топузовски.тој ќе има некаков осврт по досегашните дискусии. Би сакал,

III/3.-

респектирајќи ова што претходните три пратеници во изнесоа, да вметнам и еден елемент на гледање информацијата и од другата страна,значи не од страната на производството, туку од страната на потрошувачката. Ние не случајно ја гледаме пченицата, затоа што нејзината намена во Македонија е како основна храна на популацијата, и најголем дел од производството традиционално и тука гледаме дека оди за прехрана на населението.

Би било интересно да слушнеме, доколку г-динот Докузовски има своја проекција или видување по констатацијата изнесена во Информацијата, цитирам од страната 3 "Купената пченица по споменатите услови обезбедува да не дојде до промена на цената на брашното и лебот" Со оглед на тоа дека лебот е значаен дел од храната на населението, гледано од другава страна на проблемот, би сакал во светлината на вчерашните настани да може да добиеме еден коментар дали оваа констатација сеуште може да стои како издржана, дека нема да дојде до проемна на цената на брашното и особено лебот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор г-динот Илија Каров.

**ИЛИЈА КАРОЗ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници и претставници на Влада, расправата околу откупот на пченицата по мое длабоко уверување е задоцнета работа и тоа стана пракса последниве три години да се расправа за овој проблем навистина во полн ек на жетвата на житото и воопшто на пченицата, јачменот и другите житарици. Ако сакаме овие проблеми да ги разрешиме навреме, оваа расправа требаше да биде најмалку еден месец порано со сите овие укажувања што беа и минатите години по пракса, се констатираа како слабости во

откупот, но оваа година навистина имаше можности тие проблеми на некој начин да бидат разрешени. Организиран откуп на пченицата, јас би рекол еве во Кочани или во новосоздадените општини Чешиново, Облешево, Зрновци, Оризари итн. би рекол дека нема. Навистина, земјоделците како сега го прибираат своето жито,го носат во своите амбари, бидејќи поучени од досегашната пракса и она што досега ќе го ожниеа и ќе го предадеа имаат едно горко искуство околу плаќањето на пченицата. Тие беа принудени со разни уцени да земаат сточна храна или брашно, а за парите мораа да чекаа со месеци.

Укажувам дека земјоделците сами си го финансираат своето производство. Навистина во многу тешки услови тие сами обезбедуваат репроматеријали, семе, вештачки ѓубрива, заштитни средства и се она што е неопходно во самото производство. Сега што се случи? Тие финансираа цела година и на крајот од вчера векќ сфатија дека она што ќе го продадат, ако воопшто можат да го продадат, нема апсолутно теоретска можност да ги покријат само направените трошоци цела година околу производството на пченицата. Навистина, овој потег што се случи вчера во однос на самото земјоделско производство, а ние често овде пратениците дискутираме и даваме некаква поддршка и загриженост за земјоделците, овој пат навистина нашите земјоделци на некој начин се изманипулирани, бидејќи иако некои производи и репроматеријали беа со фиксни цени, слободно можам да кажам дека револтот се јави кај земјоделците уште со цената на вештачките ѓубрива. Додека во соседните земји се увезуваат за девизи вештачки ѓубрива по некакви реални цени, кај нас цената на вештачкото ѓубре растеше и можам да кажам дека можеби плаќаме вештачко ѓубре по една од највисоките цени во Европа. Јас не знам дека друга држава има таква

цена на вештачко ѓубриво како што е цената кај нас. Ние дури извезуваме сигурно по некои далеку пониски цени на вештачки ѓубрива, отколку што се продаваат на домашниот пазар. Владата мора да има предвид околу креирањето на таа политика, конкретно кога се работи за репроматеријали во земјоделското производство.

Според мене, Владата направи уште една голема грешка, длабоко сум убеден и до ова место сакам тоа гласно да го искажам, кога се донесе и одлучи да додели хуманитарна помош на соседните земји и од своите резерви одвои пченица. Јас сум длабоко убеден дека таква хуманитарнана помош е потребно да се даде, меѓутоа, РМ имаше и сеуште има суфицит од производството на ориз и како хуманитарна помош Владата можеше да откупи ориз да дадеше како хуманитарна помош ориз на соседните земји, а пченицата која беше дел од сопствено производство,дел увезена за која беа дадени долари, можеше да биде задржана во материјалните резерви. Згора на тоа, Министерството за стопанство дали официјално или не официјално издаде дозвола на три фирми и оризот беше дополнително внесен. Значи, од една аномалија, друга итн. и еве сега имаше пратеничко прашање што околу тој увоз на ориз, се молчи околу одговорот, меѓутоа, за тоа во една друга прилика.

Мислам дека треба и Владата да најде сили трајно да го реши овој проблем околу организираниот откуп и исплатата на пченицата на земјоделците. Многу е битно во овој момент ние производители кои ќе се одлучат пченицата да ја предадат на нив на време и да им се плати, бидејќи за месец или два нив ги чека ново производство, а тие навистина немаат сили, немаат никаква можност да инвестираат од септември во ново производство,да ги обработат истите површини, треба да ги ораат, да ги сеат, треба и вештачки ѓубрива, што навистина нема можност.

Во таа насока,сакам да укажам дека и оваа кампања на жетвата и откупот ќе помине, меѓутоа, преку комисијата за земјоделство би требало да се расправа, ако има потреба да се оцени и овде во Парламентот да разговараме и околу подготовките и помошта околу организираното производство и сеидба на пченицата. Многу е битно да се најде можност околу навременото обезбедување со репроматеријали и навистина со пониска цена, она што рече претходниот колега дека е многу битно на земјоделците да им овозможиме сега на есен прво навреме да се снабдат со семенски материјал, со другите репроматеријали со пониска цена на семе, на ѓубре итн. за да биде тој проблем многу полесен наредната година. Сега паралелно со жетвата ако ние не размислуваме како да се разрешуваат проблемите и со сеидбата, што ќе биде за месец или дава, навистина овој проблем ќе стане овде само како празна дискусија, а земјоделците ќе останат со тие проблеми и во наредната 1998 година односно производната 1997/98 година. Затоа, мислам дека овие проблеми околу производството, пласманот и откупот мора комплетно да се решаваат во Владата и Министерството за земјоделство. Само на таков начин мислам дека ќе се создадат стимулативни мерки, стимул кај самите производители од година во година да го зголемуваат производството.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Арсовски

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Јас би сакал да се вклучам во дискусијата, бидејќи како пратеник потекнувам од изборна единица во која луѓето исклучиво се бават со земјоделство. Во тој контекст, направив неколку посети на теренот, да не речам и најсвежа посета утринава и дојдов до една бидејќи самата информација така гласи, за да ......

некои изворни свежи податоци и можам да ги пренесам барем од тој терен кој го посетив, Кумановскиот. Имено, кога се работи за организацијата и можностите да се прибере реколтата на пченицата, мислам дека таа е добра и нема баш никакви проблеми по однос на самата организација, бидејќи барем во Куманово, не знам во другите краеви во Македонија како е, има толку комбајни за да се пожнее уште двапати повеќе од она што е присутно на теренот. Така што во тој дел нема проблеми, освен некои планински краишта во кои сеуште комбајните не можат да стигнат, меѓутоа, можам да констатирам дека јачменот и пченицата веќе 60 до 70% веќе се ожнеани. Тој проблем воопшто не е присутен, барем за оној дел кој го претставувам.

Во самиот разговор со производителите на пченицата и на другите производи битно е, меѓутоа, не сакам да ја ширам дискусијата бидејќи денешната Информација исклучиво се однесува на пченицата односно на откупот и жетвата, мислам дека произлезе еден сериозен проблем кај производителите во таа смисла што сметаат дека се она што се дава во самото производство е толку големо што не ги покрива трошоците и ценат зашто се нуди сега е многу помала и таа сега не може да ги покрие трошоците. Тие зборуваат дека се демотивирани да можат да произведуваат пченица како пазарен вишок.

Преку мене даваат еден предлог во Собранието дали може да се направи некоја корекција на самата цена, имајќи ја предвид и инфлацијата што вчера веќе ја промовиравме со 16%. И тие лично сметаат дека сега ептен опаѓа цената. Ми дадоа некои показатели кои сакам да ги соопштам дека, бидејќи и Владата тоа го констатира во самата Информација иако очекувала во просек во Македонија да имаме 2.700 до 2.900 кгр. по хектар просек, сепак проценка е дека тој просек ќе се движи 2.350 кгр. Тоа значи е една ............. реално

сега не знам каков стручњак треба да биде тука да направи проценка, ќе дојде до констатација дека повеќе се дава отколку она што треба да се земе од самата пченица. Ми дадоа една калкулација дека ако се земе предвид овој просек од 2.350 кгр., гледано од аспект на еден хектар само семенски материјал 6.300 денари, еден хектар орење 6.000 денари со целокупната обработка, 1. хектар жетва - еве сега слушам дека тоа е различно во Тетово, дури имало оценка за жетва од 8.500 денари по хектар - меѓутоа, во Куманово тоа се движи од 3.000 до 3.500, во зависност дали се балира или не се балира сламата, меѓутоа, земјоделците може да бидат и задоволни во тој дел.

Меѓутоа, што е тоа во РМ, дали Министерството тоа го има во предвид, не знам, меѓутоа, основно е дека во Куманово е таа цена. Ова што Каров честопати го зборува за заштита на самото семе итн., изгледа дека трошоците по 1 хектар изнесуваат 2.350, а практично вредноста што треба сега да се плати за 2.350 кгр. изнесува 23.500 ден., што значи секој оној што произведува пченица гледано од овој просек секогаш е во загуба.

Во таа смисла - колку е можно тоа Владата да го реализира тоа е друго прашање - меѓутоа, укажаа на еден сериозен пример од минатата година дека легалниот или илегалниот увоз на пченицата дали тоа било до Србија или другите делови на Светот, многу Негативно влијаел на откупот на пченицата од домашен пазар. Дури оној илегален увоз на пченицата ја оптоварил државата за толку и толку, а се збогатила некоја индивидуа во смисла на тоа што тој илегален увоз на пленицата се купува за помалку пари, се избегнуваат давачките на државата итн. со тоа само го пренесувам мислењето на производителите, тоа не е моја лична констатација.

Се постави прашањето за плаќање. Мислам дека минатата година имаше сериозни проблеми од тој дел, можеби Владата имаше сериозни проблеми со пари, меѓутоа, она што го нудиме сега во Информацијата некако освежува во тој дел. Дај боже да имаме помалку компензации, што е можно повеќе тоа да биде во денари, со единствена цел нашите производители да не бидат уценувани од трговските организации, кои сепак оние производи што треба да ги даде Комбинатот или некоја задруга секогаш ги дава со една повисока цена во однос на вообичаените и пак ја обезвреднува цената на пченицата, така што селанецот, односно граѓанинот кој живее во село а произведува пченица,наместо да ги добие и оние симболични 10 денари, добива 8 односно 7 денари. Во таа смисла, добро е Владата да биде ригорозна и комплетно, бидејќи ги потпишав заклучоците кои се предложени од повеќе пратеници, мислам дека заклучоците треба да се проучат и добро е Владата да ги прифати дури и пратениците да гласаат, со единствена цел да ја подобриме состојбата на Аграрот, посебно на откупот на пченицата и на некој начин животниот стандард на земјоделците.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Талимџиоски

**ПЕТАР ТАЛИМЏИОСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, дами и господа пратеници, ќе настојувам да не ги повторам зборовите на претходните дискутанци, а сакам само да се задржам на малата информација.

Ценев дека кога е поставено прашањето за изготвување на една информација, како што гласи Информација за некои актуелни прашања

во врска со престојаиот откуп на пченицата и цената на лебот и брашното, мислев дека е ек на жетвата, па Министерството за земјоделство, шумарство и водостоапснтво ќе изготви една подетална Информација во која ќе можеше да се види целокупната жетва, бидејќи се е тоа лебно брашно.

**ПЕТАР ТАЛИМЏИОСКИ:** (Продолжение)

Ценам дека оваа информација е помалку задоцнета, а сепак требаше да одговори на некои прашања. Господинот Бранко Арсовски убаво рече дека откупот на пченицата па да не речам дека и другите житни културни како што е јачмен, посебно јачменот веќе е завршена, а откупот на пченицата е некаде 40, 50 или 60%. Ако е тоа, тоа тогаш ќе имавме и нешто друго во информацијата. За тоа јас само малку ќе ја проширам таа програма што би требало да содржи. Простории и сместувачки капацитети тоа е под број 1, сместени количини на житни култури тоа и веќе го немаме. Преглед на жетвени активности Навистина и тоа го немаме, извршување на жетвата по општини, ниту површините ги имаме, ниту приносите досегашни кои што се движат, ниту нешто друго. Преземени откупни количини на житни култури од мелничко - пекарската индустрија, навистина и тоа го немаме, за државните резерви веќе и не знаеме, механизација вклучена во производството ценам дека и тоа го немаме, само постои една бројка. И на крајот на краиштата со едно вакво инфлаторно движење дури имаме само една намалена цена. Не би сакал да зборувам колку сме брзи во прибирањето на жетвата, а секако и тоа требаше да ги имаме дури и климатските услови во кои што денес ја извршуваме таа жетва за да можеме да го одредиме правиот ден на прибирањето на жетвата и дури почетокот, односно денот на завршувањето на самата жетва. Не треба да чекаме бидејќи само еден ден пред еден ден вчерашен многу не изненади, а жетва која што е предвидена што ја слушнав пред неколку дена, три четири која треба да заврши некаде во август тоа не знам како, или дали може да заврши и дали нашите жетвари ќе можат да дочекаат сума сумарум треба да се

организираме крајно да се организираме да ги организираме нашите екипи посебно унапредувањето на земјоделие кое што го имаме можам да речам во секоја општина за да можеме да го прибереме нашиот насушен леб. И уште нешто пократко, предлагам и премија од два денари доколку е можно при вакви услови.

**КИРО ДОКУЗОВСКИ:**

Мене ми причинува посебно задоволство што еве втор ден расправаме за аграрот што не падна во сенка на случувањата. Оттаму би направил коментар и околу предлозите и дискусиите на оваа седница

Прво дали е време за расправа денеска. Јас викам дека не е време, жетвата си тече, таа ќе заврши и без дискусија. Времето за расправата е вршено овде во Парламентот уште во февруар месец и државата утврдила заштитна цена. Таа е позната на земјоделците уште од месец февруари. Таа била тогаш утврдена десет денари франко магацин на купувачот. Да не ги објаснувам другите услови кои се тогаш пропишани.

Второ, Владата, јас за себе кажувам сега овде исто одговорно тврдам дека не бев уверен дека Собранието ваков висок дом сака да расправа за вакви прашања и ви ветувам дека секоја седница ќе добивате материјали од мојот ресор за расправа во овој дом. Не сме да речам така нестручни да не го согледаме проблемот! Меѓутоа за еден ден побаравте информација за жетвата, така ви ја доставивме. Ако сакате анализа ќе ја направиме и таа и ви ветувам дека во септември месец ќе расправате не само за информацијата за жетвата, туку ќе расправаме за прашањата за производството во 1998 година, бидејќи условите за производството треба да ги знаеме една година понапред. Сред жетва да расправаме за жетвата јас мислам дека е одвишно. Меѓутоа заради интересот на мерките кои што се предлагаат добро е што расправаме денеска.

IV/3.-

Трето, ние уште во почетокот на јуни месец со производителите на пченица и со тие што ја откупуваат одржавме состанок на кој што јавно соопштивме дека пченицата во Македонија ќе биде откупена целата по заштитна цена и без никакви проблеми. Тоа го знаат и тие што произведуваат и тие што ја купуваат пченицата.

Четврто на Влада пред две недели се донесе оваа одлука во која направивме измена, заради тоа што не ни е овозможено, тоа вие овде гласавте да воведуваме премија затоа што имаме пониски приноси, ќе имаме помал пазарен вишок кој ќе биде усмерен кон дирекцијата за резерви, кон државата, а со цел да увезуваме што помалку пченица. Се определивме одлуката да ја промениме во смисла на следново. Заштитната цена да биде истата бидејќи е утврдена од порано, а цената на транспортот да падне на товар на млинско - пекарската индустрија со цел да го поттикнеме земјоделецот да дава повеќе пленица на резервите заради потребата што тоа треба да го направиме и да им помогнеме на нашите земјоделци и друг начин на помош нема. Ова се прави во време кога кажав, поинаку и не може да се направи. На ова сигурно дека мелничко пекарската индустрија истапи и ќе истапува и понатаму со тезите дека тоа значи значајно влошување на оваа гранка и ќе побара нормално да се коригира цената. Меѓутоа, ова што беше и прашање од Поповски со вакви биланси и со вакви односи вкалкулира но е тоа дека цената на лебот нема да се покачи, под услов да не бидам сфатен погрешно па друг пат да се интерпретира дека претставник на Владата кажа дека не, ако ова што се случи вчера за кое ние не знаевме кога е ова пишувано ако има други преметувања кај нафтата, кај другите деривати па да дојде до одредено преместување. Меѓутоа, за тоа вие пак ќе знаете бидејќи Владата со тоа ќе ве запознае.

IV/4.-

Јас на говорницата ќе говорам за земјоделците ако зборувам пропаганда можам да кажувам тоа што им одговара нив. Меѓутоа, да ги правиме споредбите со странство така како што се комплетни, а не само да извлекуваме тоа што одговара. Не им одговара на нашите земјоделци ако кажеме дека цената на светскиот пазар каква е. Ако рековме дека таа е сега повисока кога ќе дојде овде. Тоа треба да ги опомене нашите претпријатија во млинско пекарската индустрија и тие што имаат млинови, а ги има доста во Македонија 62 приватни млинови многу се изградени. Нема државата да им купува на нив пченица. Ако им треба ќе одат кај земјоделците да ја купуваат пченицата. Ако сега знаат дека таа увозната ќе биде поскапа за 15%, треба да ги стимулираат да ја купуваат пченицата уште повеќе. Значи мора да поаѓаме од тоа дека претпријатијата во Македонија за млинско - пекарските зборувам треба да се однесуваат и тие пазарно бидејќи престана времето државата секогаш да ги снабдува. Државата ќе интервенира со увоз на пченица, си ги знае билансите таа најповеќе и не остава народот да остане без леб, без жито. Меѓутоа, првенствено треба млиновите да си ја земат својата функција во вакви услови. Од тие причини дискусиите да биде откупната цена поголема, Владата одлучила и одговара за заштитна цена од 10 денари. Тоа не значи дека млиновите мора да ја купат по 10 денари, тие можат да ја купуваат над 10 денари ако им треба жито и брашно, ако сакаат да работат.

Беше споменато дека се откупува на терен испод 10 денари. Јавно кажувам тие што плаќаат испод 10 денари, земјоделците не ја даваат таму пченицата, бидејќи државата гарантира откуп од 10 денари. Таму каде што има такви случаи слободно, јавно кажувам не треба да се дава. Исто така ако има во Битола каде што знам дека има и ќе одам вечер таму да разговараме со мелничко - пекарската  и земјоделците тогаш да

знаеме дека тој проблем е лоциран во Битола, а не дека тоа е републички проблем. Знаете некаде заради политички некаде заради меѓучовечки односи се случуваат вакви работи. И да не правиме правило од еден случај некаде каде што постои тоа. Треба да го решаваме на лице место бидејќи пак ќе повторам дека кој не сака да плати 10 денари да не ја даваат, државата гарантира и створила услови и зема обврска, јас соопштувам овде јавно дека пченицата ќе се откупи од сите земјоделци кога ќе биде понудена. 25 години наназад да ви соопштам и тоа од искуство бидејќи работам во аграрот никогаш кога год се родило најмногу или најмалку од 15% пченица не пошла во силосите. Секогаш имало аргументи, светска берза на пченица била поинаква, сточна храна поскапа или поевтина, политички и безбедносни околности поинакви или глад кај соседите што го имаме последниве години, секогаш се случувало да биде вака. Никогаш сме немале во позиција да имаме од 15% повеќе да оди пченица од пазарен вишок од земјоделците во државните резерви. Меѓутоа, да прецизирам уште еднаш тоа што не е јасно. Значи државата за резервите ќе ја откупи пченицата од индивидуалните земјоделци сета што ќе биде понудена и ќе ја плати. Прашувате кога? Сигурно најлогично ако беше минатата година декември месец, годинава ќе биде најкасно септември месец исплатена целата пченица. Сметаме дека .ова е напор кој што 'се 'прави и ќе биде исполнет.

За обврските што ги има мелничко пекарската индустрија како ќе ја плаќаат. Кажувам створена е таква конкуренција што е добро пленицата насекаде се плаќа. И нет реба сами да кажуваме сега да им даваме рокови. Пченицата треба да се плати затоа што им треба на млиновите. Јас ги прифаќам забелешките имам дури и повеќе сугестии околу тоа прашање, но не сакам Парламентот да се расправа со технолошки прашања добро беше потенцирано дека ние имаме сериозни проблеми

во производството на пченицата секогаш скапо, секогаш топлотни удари па тие прашања оставам да ги расправаме на друго ниво и проблемот лежи и во тоа што беше кажано овде со право од пратеникот дека ние треба да видиме зошто инпутите ни се скапи колку царинскиот закон што го донесовме има ефекти во праксата, дали тие пари што од царините останаа кај трговците, или отидоа кај земјоделците, или нешто друго се случува, тоа е прашање на анализа, а тоа што беше и критикуван овде за материјалот, сметам дека за наесен кога ќе расправаме пошироко ќе го опфатиме сите аспекти и проблеми за пченицата за есенската сеидба, а реков ќе биде темата врзана жетвата и есенската сеидба.

Прашањето најотворено што остана е прашањето на премија за пченица. И јас сакам да бидам успешен министер да речам дека воведовме премија па со тоа тргнаа работите на подобро, меѓутоа за жал морам да кажам дека тешко можеме да прифатиме тоа што и вие сами сте го прифатиле. Премии за пченица во системот наш не постојат ниту можат да се воведат. Посебно е прашањето на билансите на буџетот. Меѓутоа, реков прашањето е повеќе системски што тоа не може да се вклопи во ниеден момент и од тие причини јас жалам исто така што не можеме да воведеме. Можеби ние можеме да бараме други решенија, но тоа да го оставиме за наесен кога- ќе расправаме бидејќи. за мене дискусијата беше корисна и треба да ја ставиме во функција на утврдување на политиката во производство на пченица за 1998 година, а тоа треба да го направиме најкасно до 1 октомври кога треба да почне сеидбата на пченицата. Не знам дали одговорив на прашањето што беше поставено имаше едно директно прашање, дали ова ќе значи покачување на цената на лебот. Засега кажав не, доколку не настане поместување на другите параметри врз основа на инфлацијата.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Јас знам навистина трпението е некаде при крај но сосема кратко, не можам а да не прокоментирам две,три работи кои што беа изнесени од министерот и чисто и за информирање на јавноста. Прво, мене ми е жал што министерот не знаел дека била побарана таква информација да се гледа овде пред месец дена. Слободно нека се видат стенографските белешки пред месец дена на седница овде официјално од говорницата побарав да разгледуваме таква информација. Од страна на потпретседателот на Владата на Република Македонија господинот Бузлевски бевме информирани дека таква информација веќе Владата имала подготвено и дека ќе ја разгледува и дека се е во ред со таа проблематика. Но тогаш реков дека со гласање овде беше оневозможено таа точка да се гледа. И не знам од кои причини министерот не бил информиран дека беше побарана таква информација пред месец дена. Тоа е прва работа.

Втората работа овде беше изнесено дека Парламентот односно пратениците се тие кои што изгласаа да нема премија за пченицата. Прво ќе кажам дека со Законот за поттикнување на развојот на земјоделието и точниот наслов јас од службите сега побарав и точно да го видите овде дека одредувањето на премија и висината на премијата е исклучиво во надлежност на Владата на Република Македонија. Со поранешните законски решенија беше точно определено кои производи и колку процентуално од заштитната цена ќе имаат премија. По предлог на Владата на Република Македонија парламентарното мнозинство изгласа закон со кој што исклучиво премиите, висината на премиите премина во надлежност на Владата на Република Македонија. Јас тогаш излегов и реков дека тогаш правиме голема грешка која што ќе оди на штета на земјоделието. Еден од пратениците на СДС кој што моментално не е

тука, јас бев остро нападнат дека тоа што го изнесувам јас дека не е точно и дека Владата ќе води грижа и секогаш ќе ги одредува премиите и нема никогаш да дозволи да нема премија. Што значи дека не е точна констатацијата дека пратениците и Парламентот изгласаа да нема премија.

Втората теза дека со изгласувањето на Буџетот пратениците гласаа да нема премија. Исто така не е точно, затоа што имаше ако не повеќе ама сигурно пет амандмани со кој што се предлагаа измени во предлог буџетот од страна на Владата на Република Македонија за промена на ставката за премии во земјоделското производство. Ниеден амандман од тие предложени амандмани не беше прифатен од страна на Владата на Република Македонија, односно од предлагачот на Буџетот на Република Македонија. Што значи дека погрешно е и навистина е крајно некоректно да се нападнат пратениците и Парламентот дека тие биле против премијата за пченицата и сметам дека тие работи навистина не држат место.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:(**Продолжение)

Сметам дека тие работи не држат место. Мора да се каже дека Владата секогаш вели ние сме храбри и секогаш храбро влегуваме во борба со тие што се соочуваме. И за ова треба храбро да ја презема обврската и да каже дека Владата не дава премија за пченицата. Тоа е фактичката состојба.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот. Пратеникот Слободан Најдовски поднесе Предлог на заклучок, кој Ви е поделен.

Кој е за предложениот заклучок на пратеникот Слободан Најдовски. молам да крене рака? (12 пратеника)

Констатирам дека заклучокот не е усвоен.

Пратениците Вељо Тантаров, Петре Трајановски, Санде Џамбазоски, Живко Јанкуловски, Бранко Арсовски, Мирко Лазаревски, поднесоа Предлог на заклучок кој Ви е поделен.

Кој е предложениот заклучок, молам да крене рака? (34 пратеници)

Јас Ве молам да се утврди колкав е бројот на пратениците во салата. (36 пратеника)

И двете гласања се невалидни, молам пауза од пет минути да се повикаат пратениците да влезат во салата.

Очигледно немаме кворум ја прекинуваме седницата. За продолжението ќе бидете дополнително известени.

(Седницата прекина цо 13,50 часот).